**М-р Алма Доко**[1]

# ИЗРЕКУВАЊЕТО НА АЛЕРНАТИВНИТЕ МЕРКИ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ЗА ПЕРИОДОТ ОД 2018 ДО 2022 ГОДИНА

**1.04 Стручна статија**
**УДК 343.24/.26(497.7)"2018/2022"**
**343.265.2(497.7)"2018/2022"**

**Апстракт**

*Алтернативните мерки имаат значајно место во нашето казнено законодавство. Со нивното применување и изрекување се овозможува целта на казнувањето да се врши во услови што се поблаги од казната затвор.*

*Целта на овој труд е преку статистички податоци да се утврди местото што алтернативните мерки го имаат во нашето казнено законодавство, а спроведена е продлабочена анализа на изрекуваните алтернативни мерки за осудени полнолетни сторители на кривични дела за временскиот петгодишен период, и тоа од 2018 до 2022 година во Северна Македонија. Во трудот се анализирани изречените алтернативни мерки и нивната споредба од година до година за одделни групи кривични дела, како и изрекувањето на казната затвор во споредба со алтернативната мерка.*

*Авторот заклучува дека од сите видови алтернативни мерки, условната осуда се изрекува масовно во повеќе од 90 % од случаите, па токму поради оваа причина се врши и анализа на условната осуда посебно за секоја година, нејзино изрекување како за казна затвор, така и за парична казна. Авторот заклучува дека од сите видови алтернативни мерки, судиите имаат практика да изрекуваат условна осуда во споредба со другите алтернативни мерки што во однос на условната осуда се изрекуваат помалку, да не кажеме, заборааат дека постојат. Потребно е да се вршат продлабочени анализи на нивното изрекување за да се предлага практична примена и на други алтернативни мерки за остварувањето на нивната основа цел, и тоа остварувањето на казнувањето во услови помалку рестриктивни од казната затвор.*

***Клучни зборови:*** *алтернативни мерки, условна осуда, казна затвор, кривични дела.*

## Вовед

Ресоцијализацијата, како главна цел во остварувањето на казнувањето, не може да се замисли без постоење и изрекување на алтернативните мерки што заземаат значајно место во законодавствата ширум светот. Карактеристика на современото законодавство е тоа што тие имаат голема улога и во нашето законодавство како мерки што овозможуваат целта на казнувањето да се оствари во услови што се поблаги од казната затвор.

Алтернативните мерки воведени како резултат на критиките за казната затвор не само што не влијаат врз осудениот да не врши кривични дела во иднина, туку и не може да гарантираат дека кај него е развиена свеста дека може да се живее како достоен член во општеството со почитување на владејачките норми.

[1] Секретар на Факултетот за технички науки, Универзитет „Мајка Тереза“ во Скопје, студент на трет циклус студии на насоката казнено право, Правен факултет „Јустинијан Први“ во Скопје.

Најзначајните критики што се упатуваат на казната затвор се израз на песимизмот и разочараноста од нејзините ефекти[2] за нејзиниот нагласен ретрибутивен карактер, која не се докажува како соодветна во голем број случаи во однос на тоа што не само што не влијае врз осудениот да не врши кривични дела во иднина, туку и внесува страв и страдање кај човекот врз кој се применува,[3] со што не може да гарантира дека кај него е развиена свеста дека може да се живее како достоен член во општеството со почитување на владејачките норми. Во однос на осуденото лице, казната затвор е крајно штетна и контрапродуктивна,[4] прескапа за државите, додека, пак, примената на која било од алтернативните мерки е неколкукратно поевтина од затворот.[5] Поконкретно, со примената на алтернативни мерки се растоваруваат затворските установи, од една страна, а, од друга страна, на стручните лица во казнено-поправните установи им се дава поголема можност за превоспитување на осудениците.[6] Ова е поради тоа што овие мерки се спроведуваат во услови на слобода, со тоа што осуденото лице продолжува да живее во заедницата, но под одредени обврски и услови, за одреден временски период. Исто така, овозможувањето осуденото лице да живее на слобода има позитивни ефекти, пред сѐ, зашто не постои опасност да биде предмет на криминална инфекција.

Во Република Северна Македонија, алтернативните мерки своите корени ги наоѓаат во условната казна воспоставена во Кривичниот законик на СФРЈ од 1951 година и подоцнежните новели.[7] Со Новелата на КЗ од 2004 година, а во линија на трендот на потрага по алтернативи за затворот и затворањето, карактеристичен особено за европското кривично законодавство, меѓу другото, нашиот законодавец во системот на санкции ги воведе и алтернативните мерки. Иако некои од алтернативните мерки постоеја како парапенални санкции, и тоа условната осуда и судската опомена, воведени се уште четири други санкции, при што алтернативните мерки денес се шест на број, и тоа: условна осуда, условна осуда со заштитен надзор, условно прекинување на кривичната постапка, судска опомена, општокорисна работа и куќен затвор. Алтернативните мерки што во нашето казнено законодавство го внесоа концептот на ресторативна правда, процесна правда и засновување на судските одлуки врз концептот на правда и правичност,[8] денес направија нашето казнено законодавство да се карактеризира со хуманост и современост, давајќи му можност на осуденото лице да продолжи да живее во заедницата, слободен, со одредени услови, но со надеж успешно и активно да се реинтегрира во општеството.

Со овие измени се очекуваше дека целта на казнувањето би се остварила поуспешно, но во практиката се покажа дека не најдоа практична примена сите

[2] Груевска Дракулевски, А. (2017), Помеѓу казната затвор и условната осуда: предности и негативни страни од (не)примената на алтернативните мерки и казната затвор, Македонска ревија за казненото право и криминологија, Публикации на г. 24, бр. 1, 2017 година, стр. 3.

[3] Арнаудовски, Љ. (2017), Алтернативните мерки и санкции во казнената политика на судовите во Република Македонија, Македонска ревија за казненото право и криминологија, Публикации на г. 24, бр. 1, 2017 година, стр. 5.

[4] Арнаудовски, Љ., Бужаровска, Г., Целевски, Д., Нанев, Л. (2017), Стратегија за имплементација на алтернативните мерки.

[5] Арнаудовски, Љ., Груевска Дракулевски, А. (2013), Пенологија, стр. 288.

[6] Мустафаи, А. (2015), Изрекувањето на условната осуда на подрачјето на Основниот суд во Струга, Магистерски труд одбранет на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, стр. 4.

[7] Саити, Џ., Арифи, Б., Деваја, Ш., Божиновски, А. (Скопје, 2018), Казнената политика на судовите во Република Македонија и практична примена на Законот за одредување на видот и одмерување на висината на казната, Примената на алтернативните мерки со акцент на пробација во Република Македонија, стр. 83.

[8] Арнаудовски, Љ. (2017), Алтернативните мерки и санкции во казнената политика на судовите во Република Македонија, Македонска ревија за казненото право и криминологија, Публикации на г. 24, бр. 1, 2017 година, стр. 5.

алтернативни мерки, освен условната осуда како една од најизрекуваните мерки. Ова доведе до потребата за донесување на Законот за пробација во 2015 година, кој почна да се применува во 2016 година со цел условната осуда со заштитен надзор, општокорисната работа и куќниот затвор да се изрекуваат и да се спроведуваат поуспешно од страна на пробациската служба, чија улога, согласно Законот за пробација, е во насока да ги имплементира пресудите на судот и да придонесе за исполнување на целите на казнувањето.

## 1. Изрекувањето на алтернативните мерки во Република Северна Македонија

Во Република Северна Македонија, алтернативните мерки имаат значајно место во практиката на судовите. Тие интензивно се изрекуваат и се применуваат.

Во продолжение е направена продлабочена анализа на изречените алтернативни мерки на државно ниво за периодот од 2018 до 2022 година согласно официјалните статистички податоци на Државниот завод за статистика на Република Северна Македонија за осудени сторители на кривични дела.

Официјалните податоци од Државниот завод за статистика покажуваат дека за периодот од 2018 до 2022 година, од вкупниот број осудени лица за кривични дела изречени се 16 652 казни и 15 613 алтернативни мерки. Процентуално, од вкупно 32 265 казни и алтернативни мерки, изречени се 51,61 % казни и 48,38 % алтернативни мерки. Поголемиот број алтернативни мерки се забележуваат во 2018 година, и тоа 3 454 изречени алтернативни мерки, продолжувајќи во 2022 година со 3 383 изречени алтернативни мерки, во 2021 година со 3 323 изречени алтернативни мерки, во 2020 година со 2 927 изречени алтернативни мерки и во 2019 година со изречени 2 526 алтернативни мерки. Податоците се сумирани во Табела 1 и Табела 2.

**Табела 1. Вкупно осудени лица, вкупно казни и вкупно алтернативни мерки според бројка**

| Година | Вкупно осудени лица | Казни – вкупно | Алтернативни мерки – вкупно |
|---|---|---|---|
| **2018** | 5 857 | 2 403 | 3 454 |
| **2019** | 4 712 | 2 186 | 2 526 |
| **2020** | 6 351 | 3 416 | 2 927 |
| **2021** | 7 634 | 4 287 | 3 323 |
| **2022** | 7 769 | 4 360 | 3 383 |
| **Сите години** | 32 323 | 16 652 | 15 613 |

**Табела 2. Вкупно осудени лица, вкупно казни и вкупно алтернативни мерки во проценти**

| Година | Вкупно осудени лица во % | Казни – вкупно во % | Алтернативни мерки – вкупно во % |
|---|---|---|---|
| **2018** | 100 | 41,03 | 58,97 |
| **2019** | 100 | 46,39 | 53,61 |
| **2020** | 100 | 53,79 | 46,09 |
| **2021** | 100 | 56,16 | 43,53 |
| **2022** | 100 | 51.61 | 48.38 |

## 2. Изречени алтернативни мерки и казни според видот на кривични дела

Според објавените податоци, има кривични дела за кои повеќе се изречени алтернативни мерки отколку казни, и тоа: за кривичните дела против имотот има повеќе изречени алтернативни мерки отколку казни, и тоа за 5-годишен период се изречени вкупно 4 527 казни, додека, пак, 5 420 алтернативни мерки. Истото важи и за кривичните дела против животот и телото, со тоа што за овој период се изречени вкупно 939 казни, додека, пак, 1 653 алтернативни мерки. Продолжувајќи на кривичните дела против јавниот ред, каде што исто така има повеќе изречени алтернативни мерки отколку казни, и тоа 816 казни, додека, пак, 1 588 алтернативни мерки, понатаму за кривичните дела против слободите и правата на човекот и граѓанинот изречени се вкупно 368 казни, додека, пак, 970 алтернативни мерки за кривичните дела против бракот, семејството и младината изречени се 164 казни, а 897 алтернативни мерки. Исто така, се забележуваат повеќе изречени алтернативни мерки и за кривичните дела против изборите и гласањето, кривичните дела против животната средина, кривичните дела против културното наследство, кривичните дела против општата сигурност на луѓето, кривичните дела против службената должност, кривичните дела против правосудството, кривичните дела против правниот сообраќај и кривичните дела од посебни закони.

Повеќе казни отколку алтернативни мерки се изречени за кривичните дела: кривични дела против јавниот сообраќај, и тоа изречени се 3 239 казни, пак, додека 1 532 алтернативни мерки. Истото се однесува и за кривичните дела против здравјето на луѓето, со тоа што се изречени повеќе казни, и тоа вкупно 4 852, додека, пак, 1 466 алтернативни мерки за кривични дела против јавните финансии, платниот промет и стопанството се изречени 403 казни и 225 алтернативни мерки, за кривичните дела против половата слобода и половиот морал се изречени вкупно 124 казни, додека, пак, 43 алтернативни мерки. Повеќе изречени казни се забележуваат и за кривичните дела против државата, кривични дела против оружените сили, кривични дела против човечноста и меѓународното право. Додека, пак, за кривичните дела против работните односи се забележува дека се изречени 14 казни и 14 алтернативни мерки. Податоците се сумирани во Табела 3.

**Табела 3. Осудени полнолетни лица според видот на кривичното дело, видот на изречената санкција, по години[9]**

| | 2018 | | 2019 | | 2020 | | 2021 | | 2022 | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Казни – вкупно | Алтернативни мерки | Казни – вкупно | Алтернативни мерки – вкупно | Казни – вкупно | Алтернативни мерки – вкупно | Казни – вкупно | Алтернативни мерки – вкупно | Казни – вкупно | Алтернативни мерки – вкупно |
| **КД против животот и телото** | 248 | 411 | 164 | 258 | 185 | 279 | 166 | 329 | 176 | 376 |

[9] ДЗС Пријавени, обвинети и осудени полнолетни сторители на кривични дела и деца во судир со законот, 2018-2022 година – Статистички преглед, Скопје.

| | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **КД против слободите и правата на човекот и граѓанинот** | 49 | 170 | 66 | 150 | 78 | 168 | 98 | 243 | 97 | 239 |
| **КД против изборите и гласањето** | 1 | 2 | - | 2 | - | - | - | 1 | 3 | 7 |
| **КД против работните односи** | 4 | 9 | 3 | 1 | 1 | 2 | 2 | - | 4 | 2 |
| **КД против честа и угледот** | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - |
| **КД против половата слобода и половиот морал** | 34 | 10 | 15 | 5 | 21 | 8 | 23 | 8 | 31 | 12 |
| **КД против бракот, семејството и младината** | 34 | 181 | 57 | 125 | 42 | 168 | 41 | 218 | 30 | 205 |
| **КД против здравјето на луѓето** | 128 | 109 | 138 | 142 | 1 699 | 335 | 1 701 | 494 | 1 186 | 386 |
| **КД против животната средина и природата** | 10 | 42 | 27 | 32 | 11 | 41 | 33 | 40 | 24 | 52 |
| **КД против имотот** | 903 | 1 436 | 807 | 1 005 | 556 | 1 074 | 1 008 | 955 | 1 253 | 950 |
| **КД против културното наследство и природните реткости** | - | 1 | 3 | 2 | - | - | - | - | - | 1 |
| **КД против јавните финансии, платниот промет и стопанството** | 47 | 72 | 68 | 36 | 62 | 32 | 129 | 33 | 97 | 52 |
| **КД против општата сигурност на луѓето и имотот** | 23 | 58 | 26 | 50 | 14 | 42 | 18 | 67 | 22 | 71 |
| **КД против безбедноста на јавниот сообраќај** | 621 | 354 | 493 | 306 | 477 | 293 | 748 | 308 | 900 | 271 |

| | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **КД против државата** | - | - | 1 | 5 | 6 | 1 | 7 | - | 2 | - |
| **КД против оружените сили** | - | 2 | - | - | 1 | - | - | 2 | 1 | - |
| **КД против службената должност** | 30 | 62 | 19 | 34 | 21 | 54 | 18 | 62 | 27 | 71 |
| **КД против правосудството** | 38 | 61 | 27 | 44 | 28 | 48 | 17 | 73 | 29 | 74 |
| **КД против правниот сообраќај** | 34 | 120 | 40 | 71 | 36 | 96 | 59 | 117 | 183 | 135 |
| **КД против јавниот ред** | 170 | 313 | 183 | 235 | 129 | 253 | 138 | 345 | 196 | 442 |
| **КД против човечноста и меѓународното право** | 26 | 29 | 47 | 18 | 47 | 26 | 80 | 28 | 93 | 28 |
| **КД од посебни закони** | 3 | 12 | 2 | 5 | 2 | 7 | 1 | - | 6 | 9 |
| | **2 403** | **3 454** | **2 186** | **2 526** | **3 416** | **2 927** | **4 287** | **3 323** | **4 360** | **3 383** |

**3. Осудени полнолетни лица според видот на кривичното дело и видот на изречените алтернативни мерки, по години**

**Табела 4: Вкупно осудени лица, вкупно изречени казни и алтернативни мерки**[10]

| | **2018** | | **2019** | | **2020** | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **Условна осуда** | **Судска опомена** | **Условна осуда** | **Судска опомена** | **Условна осуда** | **Условна осуда со** | **Општокорисна** | **Судска опомена** |
| **КД против животот и телото** | 399 | 12 | 233 | 25 | 270 | 2 | - | 7 |
| **КД против слободите и правата на човекот и граѓанинот** | 169 | 1 | 144 | 6 | 167 | - | - | 1 |
| **КД против изборите и гласањето** | 2 | - | 2 | - | - | - | - | - |
| **КД против работните односи** | 9 | - | 1 | - | 2 | - | - | - |
| **КД против честа и угледот** | - | - | - | - | - | - | - | - |

[10] ДЗС Пријавени, обвинети и осудени полнолетни сторители на кривични дела и деца во судир со законот, 2018-2022 година – Статистички преглед, Скопје.

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **КД против половата слобода и половиот морал** | 10 | - | 5 | - | 8 | - | - | - |
| **КД против бракот, семејството и младината** | 178 | 3 | 122 | 3 | 164 | - | - | 4 |
| **КД против здравјето на луѓето** | 109 | - | 142 | - | 323 | 1 | 1 | 10 |
| **КД против животната средина и природата** | 42 | - | 32 | - | 41 | - | - | - |
| **КД против имотот** | 1 430 | 6 | 1 003 | 2 | 1 069 | 1 | 1 | 3 |
| **КД против културното наследство и природните реткости** | 1 | - | 2 | - | - | - | - | - |
| **КД против јавните финансии, платниот промет и стопанството** | 71 | 1 | 35 | 1 | 32 | - | - | - |
| **КД против општата сигурност на луѓето и имотот** | 58 | - | 49 | 1 | 42 | - | - | - |
| **КД против безбедноста на јавниот сообраќај** | 350 | 4 | 303 | 3 | 288 | - | - | 5 |
| **КД против државата** | - | - | 5 | - | 1 | - | - | - |
| **КД против оружените сили** | 2 | - | - | - | - | - | - | - |
| **КД против службената должност** | 62 | - | 34 | - | 54 | - | - | - |
| **КД против правосудството** | 61 | - | 44 | - | 48 | - | - | - |
| **КД против правниот сообраќај** | 120 | - | 71 | - | 96 | - | - | - |
| **КД против јавниот ред** | 301 | 12 | 234 | 1 | 253 | - | - | - |
| **КД против човечноста и меѓународното право** | 29 | - | 18 | - | 26 | - | - | - |
| **КД од посебни закони** | 12 | - | 5 | - | 7 | - | - | - |
| | **3 415** | **39** | **2 484** | **42** | **2 891** | **4** | **2** | **30** |

| | **2021** | | | | **2022** | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **Условна осуда** | **Условна осуда со** | **Општо корисна** | **Судска опомена** | **Условна осуда** | **Условна осуда со** | **Општокорисна** | **Судска опомена** |
| **КД против животот и телото** | **320** | 1 | - | 8 | 360 | 4 | - | 12 |
| **КД против слободите и правата на човекот и граѓанинот** | **237** | 2 | - | 4 | 233 | 2 | - | 4 |
| **КД против изборите и гласањето** | 1 | - | - | - | 7 | - | - | - |
| **КД против работните односи** | - | - | - | - | 2 | - | - | - |
| **КД против честа и угледот** | - | - | - | - | - | - | - | - |
| **КД против половата слобода и половиот морал** | 8 | - | - | - | 10 | 2 | - | - |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **КД против бракот, семејството и младината** | 204 | 1 | - | 13 | 193 | 1 | - | 11 |
| **КД против здравјето на луѓето** | 419 | 6 | 42 | 27 | 270 | 13 | 91 | 12 |
| **КД против животната средина и природата** | 40 | - | - | - | 52 | - | - | - |
| **КД против имотот** | 950 | 4 | - | 1 | 929 | 15 | - | 6 |
| **КД против културното наследство и природните реткости** | - | - | - | - | 1 | - | - | - |
| **КД против јавните финансии, платниот промет и стопанството** | 33 | - | - | - | 52 | - | - | - |
| **КД против општата сигурност на луѓето и имотот** | 67 | - | - | - | 71 | - | - | - |
| **КД против безбедноста на јавниот сообраќај** | 303 | - | - | 5 | 266 | 1 | - | 4 |
| **КД против државата** | - | - | - | - | - | - | - | - |
| **КД против оружените сили** | 2 | - | - | - | - | - | - | - |
| **КД против службената должност** | 62 | - | - | - | 71 | - | - | - |
| **КД против правосудството** | 73 | - | - | - | 73 | - | - | 1 |
| **КД против правниот сообраќај** | 116 | - | - | 1 | 134 | 1 | - | - |
| **КД против јавниот ред** | 345 | - | - | - | 435 | 7 | - | - |
| **КД против човечноста и меѓународното право** | 28 | - | - | - | 28 | - | - | - |
| **КД од посебни закони** | - | - | - | - | 9 | - | - | - |
| | **3 208** | **14** | **42** | **59** | **3 196** | **46** | **91** | **50** |

Од групите кривични дела се забележува дека повеќе изречени алтернативни мерки има за извршени **кривични дела против имотот**, и тоа вкупно 5 420 алтернативни мерки, продолжувајќи со **кривичните дела против животот и телото** вкупно 1 653 алтернативни мерки, за **кривични тела против јавниот ред** вкупно 1 588 алтернативни мерки, за **кривични дела против безбедноста на јавниот сообраќај** вкупно 1 532 алтернативни мерки, за **кривични дела против здравјето на луѓето** вкупно 1 466 алтернативни мерки, за **кривични дела против слободите и правата на човекот и граѓанинот** вкупно 970 алтернативни мерки, за **кривични дела против бракот, семејството и младината** вкупно 887 алтернативни мерки, за **кривични дела против правниот сообраќај** вкупно 539 алтернативни мерки, за **кривични дела против правосудството** вкупно 300 алтернативни мерки, за **кривични дела против општата сигурност на луѓето и имотот** вкупно 288 алтернативни мерки, за **кривични дела против службената должност** вкупно 283 алтернативни мерки, за **кривични дела против јавните финансии, платниот промет и стопанството** вкупно 225 алтернативни мерки, за **кривични дела против животната средина и природата** вкупно 207 алтернативни мерки, за **кривични дела против човечноста и меѓународното право** вкупно 129 алтернативни мерки, за **кривични дела против половата слобода и половиот морал** вкупно 43 алтернативни мерки, за **кривични дела од посебни закони** вкупно 33 алтернативни мерки, за **кривични дела против работните односи** вкупно 14 алтернативни мерки, за **кривични дела против изборите и гласањето** вкупно12 алтернативни мерки, за **кривични дела против државата** вкупно 6 алтернативни мерки, за **кривични дела против културното наследство и природните реткости** вкупно 4 алтернативни мерки, за **кривични дела против оружените сили** вкупно 4 алтернативни

мерки, додека, пак, за **кривични дела против честа и угледот** воопшто не се изречени алтернативни мерки.

**Табела 5: Вкупно изречени алтернативни мерки според години**

| **Години** | **2018** | **2019** | **2020** | **2021** | **2022** | **Вкупно** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Алтернативни мерки** | 3 454 | 2 526 | 2 927 | 3 323 | 3 383 | 15 613 |
| **Условна осуда** | 3 415 | 2 481 | 2 891 | 3 208 | 3 196 | 15 191 |
| **УО со заштитен надзор** | / | 1 | 4 | 14 | 46 | 65 |
| **Условно прекинување кривична постапка** | / | / | / | / | / | / |
| **Општокорисна работа** | / | 1 | 2 | 42 | 91 | 136 |
| **Судска опомена** | 39 | 42 | 30 | 59 | 50 | 220 |
| **Куќен затвор** | / | 1 | / | / | / | 1 |

Во текот на 2018-2022 година, од сите видови алтернативни мерки според групите кривични дела, изречена е алтернативна мерка условна осуда, и тоа вкупно 15 191, изречена е алтернативна мерка условна осуда со заштитен надзор, и тоа, по број, вкупно 65, алтернативна мерка општокорисна работа, по број, вкупно 136, алтернативна мерка судска опомена, и тоа, по број, 220 и изречена е само една алтернативна мерка куќен затвор. Алтернативната мерка условно прекинување на кривичната постапка воопшто не е изречена за овој период.

Во **2018** година, од вкупно **3 454** изречени алтернативни мерки, вкупно се изречени **3 415** условни осуди, што во однос на вкупно изречени алтернативни мерки процентуално изнесува 98,87 %. Во **2019** година, од вкупно **2 526** изречени алтернативни мерки, вкупно се изречени **2 481** условни осуди, што во однос на вкупно изречени алтернативни мерки процентуално изнесува 98,21 %. Во **2020** година, од вкупно **2 927** изречени алтернативни мерки, изречени се вкупно **2 891** условни осуди, што во однос на вкупно изречени алтернативни мерки процентуално изнесува 98,77 %. Во **2021** година, од вкупно **3 323** изречени алтернативни мерки, изречени се вкупно **3 208** условни осуди, што во однос на вкупно изречени алтернативни мерки процентуално изнесува 96,53 %. Во **2022** година, од вкупно **3 383** изречени алтернативни мерки, изречени се вкупно **3 196** условни осуди, што во однос на вкупно изречени алтернативни мерки процентуално изнесува 94,47 %.

## 4. Изрекувањето на условната осуда за казна затвор и за парична казна за периодот од 2018 до 2022 година

Условната осуда е најизрекуваната алтернативна мерка од сите други алтернативни мерки. Условната осуда се изрекува за казна затвор и за парична казна. Во продолжение ќе елаборираме колку условни осуди се изрекувале за казна затвор и колку за парична казна за периодот од 2018 до 2022 година.

**Табела 6: Изречени условни осуди за казна затвор и парична казна**[11]

| | **2018** | **2019** | **2020** | **2021** | **2022** |
|---|---|---|---|---|---|

[11] ДЗС Макстат база, Осудени полнолетни лица според видот на кривичното дело и видот на изречените алтернативни мерки, по години, од 2018 до 2022 година, Статистички преглед, Скопје.

| | Условна осуда затвор | Условна осуда парична казна | Условна осуда затвор | Условна осуда парична | Условна осуда затвор | Условна осуда парична казна | Условна осуда затвор | Условна осуда парична казна | Условна осуда затвор | Условна осуда парична казна | ВКУПНО |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Кривични дела против животот и телото** | 371 | 28 | 225 | 8 | 253 | 17 | 301 | 19 | 344 | 16 | **1582** |
| **Кривични дела против слободите и правата на човекот и граѓанинот** | 167 | 2 | 143 | 1 | 157 | 10 | 233 | 4 | 225 | 8 | **950** |
| **Кривични дела против изборите и гласањето** | 2 | - | 2 | - | - | - | 1 | - | 7 | - | **12** |
| **Кривични дела против работните односи** | 9 | - | 1 | - | 2 | - | - | - | 2 | - | **14** |
| **Кривични дела против честа и угледот** | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | **0** |
| **Кривични дела против половата слобода и половиот морал** | 10 | - | 5 | - | 8 | - | 8 | - | 10 | - | **41** |
| **Кривични дела против бракот, семејството и младината** | 166 | 12 | 112 | 10 | 153 | 11 | 197 | 7 | 183 | 10 | **861** |
| **Кривични дела против здравјето на луѓето** | 108 | 1 | 142 | - | 239 | 84 | 311 | 108 | 214 | 56 | **1263** |
| **Кривични дела против животната средина и природата** | 40 | 2 | 31 | 1 | 31 | 10 | 38 | 2 | 51 | 1 | **207** |
| **Кривични дела против имотот** | 1 402 | 28 | 988 | 15 | 1 034 | 35 | 932 | 18 | 913 | 16 | **5 381** |
| **Кривични дела против** | 1 | - | 2 | - | - | - | - | - | 1 | - | **4** |

| | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **културното наследство и природните реткости** | | | | | | | | | | | |
| **Кривични дела против јавните финансии, платниот промет и стопанството** | 66 | 5 | 33 | 2 | 26 | 6 | 30 | 3 | 43 | 9 | **223** |
| **Кривични дела против општата сигурност на луѓето и имотот** | 57 | 1 | 47 | 2 | 42 | - | 65 | 2 | 70 | 1 | **287** |
| **Кривични дела против безбедноста на јавниот сообраќај** | 326 | 24 | 274 | 29 | 249 | 39 | 258 | 45 | 242 | 24 | **1 510** |
| **Кривични дела против државата** | - | - | 5 | - | 1 | - | - | - | - | - | **6** |
| **Кривични дела против оружените сили** | 2 | - | - | - | - | - | 2 | - | - | - | **4** |
| **Кривични дела против службената должност** | 61 | 1 | 33 | 1 | 54 | - | 60 | 2 | 71 | - | **283** |
| **Кривични дела против правосудството** | 60 | 1 | 44 | - | 47 | 1 | 73 | - | 72 | 1 | **299** |
| **Кривични дела против правниот сообраќај** | 119 | 1 | 69 | 2 | 94 | 2 | 111 | 5 | 131 | 3 | **537** |
| **Кривични дела против јавниот ред** | 299 | 2 | 233 | 1 | 253 | - | 342 | 3 | 434 | 1 | **1 568** |
| **Кривични дела против човечноста и меѓународното право** | 29 | - | 18 | - | 26 | - | 28 | - | 28 | - | **129** |
| **Кривични дела од посебни закони** | 12 | - | 5 | - | 7 | - | - | - | 9 | - | **33** |
| | **3 307** | **108** | **2 412** | **72** | **2 676** | **215** | **2 990** | **218** | **3 050** | **146** | **15 194** |

Од групите кривични дела се забележува дека алтернативната мерка условна осуда е изречена за извршени **кривични дела против имотот,** и тоа вкупно 5 381, од кои 5 269 за казна затвор и 112 за парична казна, продолжувајќи со **кривичните дела против животот и телото** изречени се вкупно **1 582** условни осуди, од кои 1 494 за казна затвор и 88 за парична казна, за **кривични тела против јавниот ред** изречени се вкупно **1 568** условни осуди, од кои 1 561 за казна затвор и 7 за парична казна, за **кривични дела против безбедноста на јавниот сообраќај** изречени се вкупно **1 510** условни осуди, од кои 1 349 за казна затвор и 161 за парична казна, за **кривични дела против здравјето на луѓето** изречени се вкупно **1 263** условни осуди, од кои 1 014 за казна затвор и 249 за парична казна, за **кривични дела против слободите и правата на човекот и граѓанинот** изречени се вкупно **950** условни осуди, од кои 925 за казна затвор и 25 за парична казна, за **кривични дела против бракот, семејството и младината** изречени се вкупно **861** условни осуди, од кои 811 за казна затвор и 50 за парична казна, за **кривични дела против правниот сообраќај** изречени се вкупно 537 условни осуди, од кои 524 за казна затвор и 13 за парична казна, за **кривични дела против правосудството** изречени се вкупно **299** условни осуди, од кои 296 за казна затвор и 3 за парична казна, за **кривични дела против општата сигурност на луѓето и имотот** изречени се вкупно **287** условни осуди, од кои 281 за казна затвор и 6 за парична казна, за **кривични дела против службената должност** изречени се вкупно **283** условни осуди, од кои 279 за казна затвор и 4 за парична казна, за **кривични дела против јавните финансии, платниот промет и стопанството** вкупно се изречени **223** условни осуди, од кои 198 за казна затвор и 25 за парична казна, за **кривични дела против животната средина и природата** изречени се вкупно **207** условни осуди, од кои 191 за казна затвор и 16 за парична казна, за **кривични дела против човечноста и меѓународното право** изречени се вкупно **129** условни осуди, и тоа само за казна затвор, за **кривични дела против половата слобода и половиот морал** изречени се вкупно **41** условни осуди, и тоа сите за казна затвор, за **кривични дела од посебни закони** изречени се вкупно **33** условни осуди, и тоа сите за казна затвор, за **кривични дела против работните односи** изречени се вкупно **14** условни осуди, и тоа сите за казна затвор, за **кривични дела против изборите и гласањето** изречени се вкупно **12** условни осуди, и тоа сите за казна затвор, за **кривични дела против државата** изречени се вкупно **6** условни осуди, и тоа сите за казна затвор, за **кривични дела против културното наследството и природните реткости** изречени се вкупно **4** условни осуди, и тоа сите за казна затвор, за **кривични дела против оружените сили** изречени се вкупно **4** условни осуди сите за казна затвор, додека, пак, за **кривичните дела против чест и угледот и против** воопшто не се изречени алтернативни мерки.

Од вкупно 15 194 изречени условни осуди, изречени се вкупно 14 435 условни осуди за казна затвор, и тоа процентуално со 95,02 % и вкупно 759 изречени условни осуди за парична казна со 4,99 %. Од сите групи кривични дела, условната осуда повеќе е изречена за **кривичните дела против имотот** со 35,42 %, од кои 97,9 % за казна затвор и 2,09 % за парична казна.

**Заклучок**

Иако од почетокот на примената на одредбите за алтернативните мерки поминаа околу 18 години, од анализата на статистичките податоци на Државниот завод за статистика може да се забележи дека од вкупно изречените алтернативни мерки, условната осуда стои на врвот на листата на изречени алтернативни мерки. Дури во одредени години, процентот на изречени условни осуди во вкупниот број алтернативни мерки изнесува над 99 %. Ако останеме на целта што ја имаат алтернативните мерки, и тоа намалување на криминалитетот, намалување на затворската популација и

ресоцијализацијата на сторителот во услови на слобода, според статистичките податоци поизлегува дека таквата цел не е остварена. Се поставува прашањето зошто судиите продолжуваат главно да изрекуваат условна осуда, а во помал процент условна осуда со заштитен надзор или некоја друга алтернативна мерка кога веќе постои пробациската служба? Ова е прашање чиј одговор бара подетално анализирање и утврдување на факторите што влијаат врз овие резултати.

Од друга страна, низ судската практика се среќаваме со изречени условни осуди за одреден вид кривични дела, особено на кривични дела против имотот, каде што можеби поголем ефект би се постигнал со парична казна или друга алтернативна мерка. Постојната практика на судиите за изречени алтернативни мерки за ист вид кривични дела налага потреба на истражување на причините за ваквата практика и анализирање на случаите за тоа дали судиите ги земаат предвид и отежнувачките околности на извршеното кривично дело и наместо изрекување казна затвор или парична казна за кривични дела за кои е пропишана казна затвор до 3 години или парична казна, изрекуваат алтернативни мерки. Може да се забележи дека судиите изрекуваат повеќе алтернативни мерки отколку казни за кривичните дела против имотот, додека, пак, ситуацијата за кривичните дела против безбедноста на јавниот сообраќај е сосема спротивна бидејќи судиите изрекуваат повеќе казни отколку алтернативни мерки.

Ваквата практика на судиите налага потреба од преземање повеќе активности за примена и имплементација на Законот на пробација и давање повеќе можности и услови за поголема примена на алтернативните мерки, како и зголемување на учеството на пробациските служби во спроведувањето на овие мерки за постигнување поуспешни резултати.

**Користена литература:**


- Арнаудовски, Љ. (2017), Алтернативните мерки и санкции во казнената политика на судовите во Република Македонија, Македонска ревија за казненото право и криминологија, Публикации на г. 24, бр. 1, 2017 година.
- Арнаудовски, Љ., Бужаровска, Г., Целевски, Д., Нанев, Л. (2017), Стратегија за имплементација на алтернативните мерки.
- Арнаудовски, Љ., Груевска Дракулевски, А. (2013), Пенологија.
- Груевска Дракулевски, А. (2017), Помеѓу казната затвор и условната осуда: предности и негативни страни од (не)примената на алтернативните мерки и казната затвор, Македонска ревија за казненото право и криминологија, Публикации на г. 24, бр. 1, 2017 година.
- Државен завод за статистика, Пријавени, обвинети и осудени полнолетни сторители на кривични дела и деца во судир со законот, 2018 година, Статистички прегледи бр. 2.1.19.17 од 30.05.2019 година Република Македонија, Скопје.
- Државен завод за статистика, Пријавени, обвинети и осудени полнолетни сторители на кривични дела и деца во судир со законот, 2019 година, Статистички прегледи бр. 2.1.20.17 од 29.07.2020 година Република Македонија, Скопје.
- Државен завод за статистика, Пријавени, обвинети и осудени полнолетни сторители на кривични дела и деца во судир со законот, 2020 година, Статистички прегледи бр. 2.1.21.16 од 31.05.2021 година Република Македонија, Скопје.
- Државен завод за статистика, Пријавени, обвинети и осудени полнолетни сторители на кривични дела и деца во судир со законот, 2021 година,

Статистички прегледи бр. 2.1.22.18 од 31.05.2022 година Република Македонија, Скопје.
- Државен завод за статистика, Пријавени, обвинети и осудени полнолетни сторители на кривични дела и деца во судир со законот, 2022 година, Статистички прегледи бр. 2.1.23.18 од 31.05.2023 година Република Македонија, Скопје.
- Камбовски, В., Казнено право – општ дел, Скопје, 2011 г.
- Мустафаи, А. (2015), Изрекувањето на условната осуда на подрачјето на Основниот суд во Струга, Магистерски труд одбранет при Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.
- Саити, Џ., Арифи, Б., Деваја, Ш., Божиновски, А. (Скопје, 2018), Казнената политика на судовите во Република Македонија и практична примена на Законот за одредување на видот и одмерување на висината на казната, Примената на алтернативните мерки со акцент на пробација во Република Македонија.

**Alma Doko MSc**[12]

# THE IMPOSITION OF ALTERNATIVE MEASURES IN THE REPUBLIC OF NORTH MACEDONIA IN THE PERIOD FROM 2018 TO 2022

**Abstract**

Alternative measures have an important place in our penal legislation. With their application and sentencing, it is possible to achieve the purpose of the punishment in conditions that are milder than the prison sentence.

The purpose of this paper is, through statistical data, to determine the place that alternative measures have in our penal legislation, it is realised a more in-depth analysis of the imposed alternative measures for convicted adult perpetrators of crimes for the five-year period from 2018 to 2022 in North Macedonia.The paper analyzes the imposed alternative measures and their comparison from year to year, for separate groups of crimes, the imposition of the prison sentence compared to the alternative measure.

The author concludes that of all types of alternative measures, probation are imposed in force in more than 90% of cases, and precisely for this reason, an analysis of probation is carried out separately for each year, its imposition both for a prison sentence and a fine. It is necessary to carry out more in-depth analyzes of their sentencing in order to propose the practical application of other alternative measures for the realization of their basic goal, namely the realization of the punishment in conditions less restrictive than imprisonment.

**Keywords:** alternative measures, probation, prison sentence, crimes.

[12] Secretary of Faculty of Technical Sciences, Mother Teresa University Skopje, doctoral studies in Criminal Law, “University Ss. Cyril and Methodius”, Faculty of Law" Iustinianus Primus" in Skopje.